Број 20 Година XIV

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, ноември 2020

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7159/1**
**Датум:13.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2005,/2008, 103/08, 156/09, 95/10,181/11,171/12 192/15 и 167/16), Советот на општина Карпош на четириесет и осмата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | | |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | -3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **В10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | | |
| 423410 | Прехрамбени продукти | 0 | -1.500.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2020 година.

**Број: 09-6997/5**
**Датум:12.11.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за проширување  на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7159/2**
**Датум:13.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2005,/2008, 103/08, 156/09, 95/10,181/11,171/12 192/15 и 167/16), Советот на Општина Карпош, на четириесет и осмата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош**
**за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2020 година на следниов начин:

Се зголемуваат приходите на следниве потставки

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 Блок дотации на општина | 0 | 1.444.000 | 0 | 0 |

и се распоредуваат на следните расходни потставки

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 421130 Ѓубретарина | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 421210 Централно греење | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 421320 Телефон и телефакс | 0 | 44.000 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1.444.000 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2020 година.

**Број: 09-6997/6**
**Датум:12.11.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување План на Програми за развој на Општина Карпош за 2021 година**

1. Се објавува План на Програми за развој на Општина Карпош за 2021 година, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7159/3**
**Датум:13.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Согласно член 36, став 1, точка 1; член 22, став 1, точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21-б од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на Општина Карпош на четитиесет и осмата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

Согласно потребите во областа на комуналните работи и сообраќајот се утврдува превземање на одредени активности со цел подобрување на условите на инфраструктура (партерно уредување и патна инфраструктура) за граѓаните во населба Влае, Општина Карпош и тоа:

1.Развојна програма - **Изградба на Паркиралишта и плоштади – ЈЕО-Изградба на простор за паркирање**

**Партерно уредување-реконструкција на пешачка зона(платформа) на стамбено-деловен комплекс- плато “Порта Влае“**

Согласно потребите од областа на уредување на градежно земјиште и комунални работи се утврдува превземање на одредени активности со цел подобрување на условите за партерно уредување и патна инфраструктура на територија на Општина Карпош.

Реконструкцијата на пешачката зона (платформа) плато “Порта влае“ во станбено-деловниот комплекс ќе се реконструира согласно важечкиот ДУП и техничката документација на основниот проект каде се дефинирани параметрите.

Утврдената граница на опфат, која е предмет на оваа техничка документација, ја следи линијата на постојниот стамбено - деловен комплекс и постојната пешачка зона (платформа) околу комплексот. Локацијата на станбено-деловниот комплекс „Порта Влае“ се наоѓа на булеварот „Партизански Одреди“ во урбанизираната населба Влае, којашто се наоѓа во западниот дел на Скопје, меѓу населбите Ѓорче Петров (на запад), Злокуќани (на север), Хром (на југ) и Карпош IV (на исток).

Составена е од две населби Влае I и Влае II во составот на Општината Карпош, помеѓу кои е сместен и комлексот „Порта Влае“. Во непосредна близина на станбено-деловниот комплекс, јужно од булеварот „Партизански Одреди“, се наоѓа и основното училиште „Димо Хаџи Димов“

Јавниот простор е доста фрекфентен ,каде гравитираат станарите од целиот комплекс во кој што се наоѓаат девет згради,во кои се застапени станбени и деловни објекти на приземјето и во мезанинот како и жителите на Општина Карпош.
Предметниот простор е во дотраена состојба,оштетен,некорисен за минувачите и на барање на граѓаните потребна му е обнова со реконструкција,расчистување на просторот со замена на постоечките плочки со нови гранитни плочки и поставување на нова хидроизолација за заштита,како и решавање на одводнувањето на површинската вода од платформата(пешачката зона).
Основниот проект за реконструкција е во завршна фаза на изработка,и согласно проектната документација вкупната површина на пешачката зона(платформа) изнесува **14,380.00 м2.**
Вкупната вредност на овој проект се планира да изнесува **70.000.000,00денари.**
Датум на започнување со имплементација на проектот е планиран 01.04.2021година ,а датум на завршување на проектот се планира 01.08.2022година.
Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма,а кои изнесуваат **70.000.000,00 денари** ќе се извршува фазно во две години:

- започнувајќи од 2021 година до 2022 година.Во 2021година планираниот износ на средства изнесува **30.000.000,00денари** со изградба на околу 6,000.00 м2 и
- во 2022 година планираниот износ на средства изнесува **40.000.000,00денари** со изградба на околу 8,380.00 м2.

За реализација на оваа развојна програма планираните средства се од Буџетот на Општина Карпош.
Овој План на Програми за развој влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6997/7**
**Датум:12.11.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З04, Блок 04.02 Општина Карпош - Скопје**

**1.** Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З04, Блок 04.02 Општина Карпош - Скопје, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7159/4**
**Датум:13.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18"), во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/2020), а врз основа на Согласност архивски број 24-5106/2 од 30.07.2020 година дадена од Министерство за транспорт и врски на РСМ-Сектор за уредување на просторот, Советот на Општина Карпош, на четириесет и осмата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З04, Блок 04.02**
**Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт З04, Блок 04.02 - Општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

Од Север: по оска на новопланирана сервисна улица “С1“;
Од Запад: по оска на собирна улица “ Љубљанска” ;
Од Исток: по оска на новопланирана сервисна улица “С6“ ;
Од Југ: по оска на градска магистрала Бул. “Илинден“;

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 2.948 ha, односно 29477.7655m².

**Член 3**

Просторот што го третира планот е со површина од 2,948 ха, а основен вид на намена е:
Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:
А2- Домување во станбени згради
Б1 – мали комерцијални и деловни намени
Д2 –Заштитно зеленило
Е1-Комунална инфраструктура
Е2-Комунална супраструктура

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6997/8**
**Датум:12.11.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

**1.** Се објавува Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7159/5**
**Датум:13.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година, II.Програмски активности, точка 2.Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“ („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019 и 16/2020), Советот на Општина Карпош на четириесет и осмата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

**Член 1**

По повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост како помош се одобруваат средства во износ од 550.000,00 денари со вклучен персонален данок, за лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош, односно поединечно по 3.000,00 денари нето.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 471 – социјални надоместоци и потставка 471990 – друга социјална помош.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош по предходно доставен список на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош од страна на Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за детска, социјална и здравствена заштита во Општина Карпош да донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6997/9**
**Датум:12.11.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје**

**1.** Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје, донесено на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7159/6**
**Датум:13.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019), а во врска со Барање бр.09-6980/1 од 05.11.2020 година, Советот на Општина Карпош, на четириесет и осмата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешуваат претставниците предложени од Советот на родители на ООУ„Димо Хаџи Димов“, а именувани/верификувани од основачот Општина Карпош, од членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“-Скопје, поради истек на мандатот од 3 години:

- Горанче Павлоски
- Викторија Доказа
- Марија Николовска

2. За членови на училишниот одбор предложени од Советот на родители на ООУ „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје, се именуваат/верификуваат:

- Борче Треновски
- Драган Симоски
- Василка Дуброва Коцева

3. Се разрешува претставникот предложен од основачот Општина Карпош, а именуван од Советот на Општина Карпош со Решение бр.09-4911/15 од 27.06.2017 година од член на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“-Скопје, поради истек на мандатот од 3 години:

Слаѓана Трпковска Салтирова

4. За претставник на Општина Карпош во Училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош се именува:

Жанета Ќосе

5. Оваа решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6997/10**
**Датум:12.11.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош 2020 година, со Заклучок за објавување;
2. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
3. План Програми за развој на Општина Карпош за 2021 година, со Заклучок за објавување;
4. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок 04.02, Општина Карпош – Скопје, со Заклучок за објавување;
5. Одлука за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември-Денот на лицата со попреченост, со Заклучок за објавување и
6. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци